СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

# ЦЕНОВНИК НА ПОСТПЕЈД И ИНТЕГРИРАНИ

## УСЛУГИ НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ

ДЕТАЛЕН ЦЕНОВНИК НА ОСНОВНИ, ДОПОЛНИТЕЛНИ И УСЛУГИ
СО ПОСЕБНА ВРЕДНОСТ НА ЧИНЕЊЕ НА ПОСТПЕЈД И ИНТЕГРИРАНИТЕ УСЛУГИ НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ

Ценовник со ДДВ

**Со валидност од 05.09.2024**

# ПОСТПЕЈД ПОНУДА

## 1. ИНФОРМАЦИИ, ПРАВИЛА И УСЛОВИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОСТПЕЈД КОРИСНИЦИТЕ

- Ценовникот се однесува на цените за сообраќајот кон домашни и меѓународни мрежи додека корисникот се наоѓа во мрежата на Македонски Телеком. Цените за роаминг сообраќајот се наведени на веб страницата на следниов линк https://www.telekom.mk/obicen-roaming.nspx
- Постпејд претплатник се станува со склучување постпејд претплатнички договор, со што претплатникот добива право на користење на основните услуги што ги обезбедува Македонски Телеком согласно тарифниот модел кој го избрал претплатникот, а кои се вклучени во цената на месечната претплата за тој тарифен модел објавена во официјалниот Ценовник на Македонски Телеком. Претплатникот може да користи и дополнителни услуги и услуги со додадена вредност како и да го откаже нивното користење, на начин и под услови утврдени и јавно објавени од страна на Македонски Телеком.
- Потребните документи за новите постпејд корисници можат да се најдат на веб страницата на следниов линк Општи услови за користење на услугите.
- Поврзувањето на постпејд претплатникот се врши со активирање на претплатничката линија преку СИМ картичка што му се дава на претплатникот со соодветен претплатнички број. Претплатничката линија се активира откако барателот ќе го уплати надоместот за претплатничката линија, ќе се склучи претплатнички договор или ќе потпише друг предвиден документ за активирање претплатничка линија. Со активирање на претплатничката линија се остварува пристап до услугите на Македонски Телеком и почнуваат да течат обврските за плаќање на месечната претплата, како и другите трошоци за користење на претплатничката линија.
- Фамилија тарифните модели
- Промена на тарифниот модел кој го користи претплатникот, како и активирањето и деактивирањето на комуникациските услуги по негов избор се врши со пополнување формулари и анекси кои се сметаат за составен дел од претплатничкиот договор во Телеком продавниците, како и по електронски пат од страна на самиот претплатник.
- Претплатникот може најмногу еднаш месечно да бара промена на тарифен модел.
- Доверба во постпејд - постпејд корисникот има можност да набави телефонски апарат по повластена цена со потпишување Анекс за Доверба, при што се обврзува да го користи избраниот тарифен модел во периодот на времетраење на Анексот. Времетраењето на Анексот е 12 или 24 месеци, зависно од изборот на претплатникот. Цената на телефонскиот апарат во Доверба зависи од времетраење на Анексот и избраниот тарифен модел и е дадена во официјалниот Ценовник за телефонски апарати и друга опрема на Македонски Телеком, како и на интернет страницата на Македонски Телеком. Во случај на неисполнување на одредбите дефинирани во Анексот за Доверба - промена на тарифниот модел или предвремено раскинување, Македонски Телеком има право да му наплати надомест за миграција, односно договорна казна за предвремено раскинување согласно Анексот за Доверба.
- Постпејд корисниците имаат можност за користење на повластена месечна претплата со потпишување Доверба 12 анекс. Корисникот ја добива повластената месечна претплата за цело времетрење на Анексот -12 месеци. По истек на Анексот, 12 месеци, на корисникот му се наплаќа редовна месечна претплата од тарифниот модел кој го има избрано. Доколку корисникот мигрира на тарифен модел во кој нема вакв понуда, тој ќе ја изгуби бенефицијата. Корисниците на повластена месечна претплата со Доверба 12 не можат во исто време да ја користат и понудата Доверба за телефонски апарат.
- Македонски Телеком има обврска да ги испраќа месечните сметки за користење на претплатничката линија на претплатниците најдоцна 15 дена по истекот на месецот. Сметките ќе бидат издадени на име на претплатникот и испратени на негова адреса или на адреса на која самиот претплатник барал да се доставува.
- Цените се наведени со 18% вклучен ДДВ, освен ако не е наведено поинаку. За повици, цените се однесуваат на минута разговор. За SMS/MMS по испратена порака, а за мобилен интернет за 1 MB интернет.
- Македонски Телеком има право да ги одредува, менува и дополнува цените на јавните комуникациски услуги, при што тие се објавуваат во Ценовникот на Македонски Телеком пред нивното стапување на сила.
- На сите корисници кои ќе станат претплатници на Македонски Телеком по 11.02.2013, VoIP и MoIP сообраќајот не им е вклучен во тарифните модели. Македонски Телеком го задржува правото да ја наплати дополнително можноста за остварување VoIP и MoIP сообраќај.

### 1.1. ОСНОВЕН ПАКЕТ

| Основна услуга | Надоместок |
|---|---|
| | Сите постпејд тарифни модели |
| Телефонија (ден.) | Месечна претплата |
| Видео повици | Бесплатно |
| Праќање SMS пораки | Бесплатно |
| Примање SMS пораки | Бесплатно |
| Итни повици | Бесплатно |
| Мејли - Говорна пошта | Бесплатно |
| Врти слободно | Бесплатно |
| GPRS Интернет | Бесплатно |
| GPRS | Бесплатно |
| Брз мобилен интернет | Бесплатно |
| Забрана за GPRS | Бесплатно |
| Факс пренос | Бесплатно |
| Алтернативно говор/факс | Бесплатно |

## 1. ПОНУДИ, ПРОМОЦИИ И АКЦИИ

### УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОМОТИВНИТЕ ПОНУДИ

Сите акции и промоции се временски ограничени. Доколку миграцијата се направи во временски рамки на промоцијата, кон тарифен модел вклучен во истата промоција, корисникот го задржува правото на промоција. Доколку еден корисник кој се стекнал со право на промоција на одреден тарифен модел вклучен во истата промоција, мигрира кон било кој друг тарифен модел надвор од временските рамки на промоцијата, корисникот го губи правото на промоција.

### 1.1. Нова MAGENTA 1 - ПАКЕТ ОД ФИКСНИ И МОБИЛНИ УСЛУГИ

## МОБИЛНИ УСЛУГИ

| S | M | Unlimited | Ultra |
|---|---|---|---|
| НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и СМС кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и СМС кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и SMS кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и SMS кон сите домашни мрежи<br>100 минути кон меѓународни мрежи |
| 6 GB супер брз интернет | 60 GB супер брз интернет | НЕОГРАНИЧЕН[1] супер брз интернет | НЕОГРАНИЧЕН[1] супер брз интернет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| MAGENTA TV GO<br>E-сметка | 5G[2]<br>200 MB[3] роаминг интернет<br>MAGENTA TV GO<br>E-сметка | 5G[2]<br>500 MB[3] роаминг интернет<br>MAGENTA TV GO<br>E-сметка | 5G[2]<br>1 GB[3] роаминг интернет<br>MAGENTA TV GO<br>E-сметка |
| ~~599 ден.~~<br>1 x 599 ден.<br>2 x 549 ден.<br>3 x 499 ден. | ~~1.099 ден.~~<br>1 x 949 ден.<br>2 x 849 ден.<br>3 x 799 ден. | ~~1.299 ден.~~<br>1 x 1.149 ден.<br>2 x 1.049 ден.<br>3 x 999 ден. | ~~1.999 ден.~~<br>1 x 1.849 ден.<br>2 x 1.749 ден.<br>3 x 1.699 ден. |

## ФИКСНИ УСЛУГИ

| S | M | L | XL |
|---|---|---|---|
| 300 GB<br>разговори и СМС кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕН[4]<br>супер брз интернет<br>до 100/50 Mbps | НЕОГРАНИЧЕН[4]<br>супер брз интернет<br>до 200/100 Mbps | НЕОГРАНИЧЕН[4]<br>супер брз интернет **до**<br>300/150 Mbps |
| НЕОГРАНИЧЕНИ<br>разговори во мрежата на Телеком | НЕОГРАНИЧЕНИ<br>разговори кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ<br>разговори кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ<br>разговори кон сите домашни мрежи<br>Пакет дополнителни услуги |
| | | | 500 минути<br>кон меѓународни мрежи |
| MAGENTA TV | MAGENTA TV | MAGENTA TV | MAGENTA TV |
| до 50 ТВ канали | над 160 ТВ канали со вклучени<br>Sport HD, Cinemax | над 190 ТВ канали со вклучени<br>Sport HD, Cinemax, Прва Микс + | над 190 ТВ канали, со вклучени HBO, Cinemax, Sport HD, Extreme,<br>По избор: Pink&Grand+ или Balkan или Tring |
| Основни TV функционалности | Напредни TV функционалности:<br>снимање, паузирање и | Напредни TV функционалности:<br>снимање, паузирање и | Напредни TV функционалности:<br>снимање, паузирање и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| MAGENTA TV GO<br><br>Е-сметка | премотување на програмата, ТВ-тека.<br><br>MAGENTA TV GO<br><br>Е-сметка | премотување на програмата, ТВ-тека.<br><br>MAGENTA TV GO<br><br>Е-сметка | премотување на програмата, ТВ-тека.<br><br>MAGENTA TV GO<br><br>Е-сметка |
| ~~1.299 ден~~.<br>1.099 ден. | ~~1.499 ден.~~<br>1.299 ден. | ~~1.799 ден.~~<br>1.499 ден. | ~~2.199 ден.~~<br>1.799 ден. |

[1]За Magenta 1 Unlimited и Ultra важи Политика на фер користење – 200 GB. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.

[2]5G услугата е автоматски достапна. За да ја користите 5G мрежата на тарифите наведени погоре каде што е достапна, треба: да се наоѓате во област со 5G покриеност, да имате 5G уред со соодветна надградба на софтверот која ја обезбедува производителот на уредот и мрежното подесување на уредот да е поставено на 5G.

[3]Вклучениот роаминг интернет е достапен во истите оператори и земји во кои важи Интернет Свет пакетот. Кога ќе се потроши, услугата се прекинува и корисникот може да продолжи да користи интернет ако активира платен роаминг пакет. Македонски Телеком го задржува правото за промена на земјите и операторите вклучени во тарифните модели. Повеќе детали на www.telekom.mk

[4]Важи Политика на фер користење: 3 TB во Magenta 1 фиксни услуги M, 6 TB во Magenta 1 фиксни услуги L, 10 TB во Magenta 1 фиксни услуги XL.

Магента 1 е комбиниран пакет, кој се состои од користење на јавни фиксни и мобилни услуги, интернет пристап и телевизија преку интернет проток, преку мрежата на Македонски Телеком на следниве тарифни модели:
Magenta 1 мобилни услуги S, Magenta 1 мобилни услуги M, Magenta 1 Unlimited, Magenta 1 Ultra, Magenta 1 фиксни услуги S, Magenta 1 фиксни услуги M, Magenta 1 фиксни услуги L и Magenta 1 фиксни услуги XL.

Пречкртаните цени се однеусваат на месечните претплати за соодветните тарифни модели во споредбеното Mobile и Internet&TV портфолио и се користат како референтни за прикажување на попустот кој го добиваат корисниците со користењето на Magenta 1 во однос на овие самостојни услуги сами по себе.

Задолжително е користењето на најмалку една мобилна постпејд претплатничка линија и фиксни услуги кои се комбинација од фиксен интернет, телевизија и говорни услуги.

1. Минимален сет на услуги кои корисникот мора да ги одбере како составен дел од Magenta 1 пакетот: 1 мобилна линија + 1 фиксна услуга.
2. Корисникот може да одбере било која комбинација на мобилни услуги + фиксна услуга според своите потреби .
3. Magenta 1 пакетот може да содржи најмалку 1, а најмногу 5 постпејд линии на Magenta 1 мобилни услуги S, M, Unlimited или Ultra.
4. Доколку корисникот одбере Magenta 1 пакет:
    a. со само една мобилна линија, ќе ја плаќа следнава месечна претплата за таа линија прикажана во табелата погоре (S: 599 ден; M: 949 ден; Unlimited: 1.149 ден, Ultra: 1.849 ден )
    b. со комбинација на било кои две Magenta 1 мобилни тарифни модели , ќе ја плаќа следнава месечна претплата за соодветната линија прикажана во табелата погоре (S: 549 ден; M: 849 ден; Unlimited: 1.049 ден, Ultra: 1.749 ден )

c. со комбинација на било кои три или повеќе Magenta 1 мобилни тарифни модели , ќе ја плаќа следнава месечна претплата за соодветната линија прикажана во табелата погоре (S: 499 ден; M: 799 ден; Unlimited: 999 ден, Ultra: 1.699 ден )

5. Попустот на фиксни услуги за избраната опција во Magenta 1 пакет-от се прикажува во однос на соодветниот тарофен модел во самостојното Internet&TV портфолио
6. Корисникот може да направи промена на комбинацијата од S, M, Unlimited и Ultra опциите за секоја услуга посебно најмногу еднаш во период од 30 дена, по тип на услуга
7. Family share услугата е достапна за активирање во Magenta 1 мобилни услуги M, За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
8. Корисникот има можност за купување смартфони и друга опрема по повластена цена во Доверба 24 или со Фамилијарен Буџет. Фамилијарниот буџет се користи во времетраењето на истоимениот договор. Голем избор на телефони по одлична цена во Доверба 24 или Фамилијарен буџет: *https://www.telekom.mk/mobilni-uredi.nspx*.
9. Корисник може да поднесе барање за користење на Magenta 1 пакет со времетраење од 24, 12 месеци или неопределено време. Во случај кога барањето е поднесено на 12 месеци или неопределено време, корисникот се обврзува да плати еднократен надомест од 1.499 денари, односно 1.999 денари соодветно.
10. Од 1 ноември 2018, на сите нови корисници на Magenta 1 мобилни услуги тарифите им се активира Telekom SafeNet дополнителната услуга, која овозможува безбедност при сурфање на мобилната мрежа на Телеком. Telekom SafeNet се активира автоматски кај сите нови мобилни линии, со бесплатен период од 4 недели. По завршувањето на бесплатниот период, услугата се наплатува 29 денари месечно, за што корисникот се известува со SMS порака.
11. Од 14 ноември 2024, на сите нови корисници на Magenta 1 тарифите им се активира Telekom SafeNet HOME дополнителната услуга за интернет безбедност. Telekom SafeNet HOME се активира автоматски кај сите нови Magenta 1 корисници, со бесплатен период од 28 дена. По завршувањето на бесплатниот период, услугата се наплатува 29 денари месечно, за што корисникот се известува со SMS порака.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

## МОБИЛНИ УСЛУГИ

- Интервалот на тарифирање е на минута.
- Цените за меѓународни разговори по држави се дадени на следниот линк. *https://www.telekom.mk/megjunarodni- povici.nspx.*
- За вклучените неограничени SMS пораки важи политика за фер користење 10.000 SMS месечно.
- Цената за SMS пораки кон домашни мрежи по надминување на вклучените и кон меѓународни мрежи во Magenta 1 мобилни услуги S и Magenta 1 мобилни услуги M тарифите е 5,9 денари. Цената за SMS пораки кон домашни мрежи по надминување на вклучените и кон меѓународни мрежи во Magenta 1 мобилни услуги Unlimited и Ultra тарифата е 3,9 денари.
- Вклучените минути/СМС кон други домашни мрежи можат да се користат во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина). За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
- Цената за MMS кон домашни мрежи е 17,7 денари, а кон меѓународни мрежи е 41,3 денари.
- Интервалот на тарифирање на интернетот е 10 kb.
- По искористување на вклучениот интернет во тарифните модели, корисникот може да продолжи да сурфа само доколку активира еден од дополнителните интернет пакети: *https://www.telekom.mk/internet-paketi-postpejd.nspx*
- Во Magenta 1 мобилните тарифи вклучена е дополнителна количина мобилен интернет кој може да се користи во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина): 4 GB мобилен интернет во Magenta 1 мобилни услуги S, 7 GB мобилен интернет во Magenta 1 мобилни услуги M, 9 GB мобилен интернет во Magenta 1 мобилни услуги Unlimited и 14 GB мобилен интернет во Ultra. За повеќе информации проверете во
  Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
- При промена на тарифен модел или користење промоција за интернет на истиот тарифен модел, интернет сообраќајот се ресетира и на корисникот му се доделува нова количина интернет, зависно од неговиот избор.
- Magenta TV GO вклучува 20 GB месечно во мобилните линии за следење на ТВ преку смартфон/таблет/лаптоп. По надминување се троши од вклучениот интернет во тарифа. Услугата MagentaTV GO е достапна на максимум 3 вакви уреди за следење едновремено.

## ФИКСНИ УСЛУГИ

- Брзината на пристап на интернет услугата може да зависи од повеќе фактори: брзината на веб страницата на која се пристапува, оптовареноста на глобалната интернет мрежа, конфигурацијата на компјутерот на корисникот,
растојанието од локалниот приклучок до мрежната инфраструктура, бројот на MaxTV каналите кои се гледаат/снимаат додека се пристапува на интернет и други. Ако не може да се постигне линиската брзина дефинирана со пакетот,
Македонски Телеком АД – Скопје се обврзува да ја испорача највисоката можна брзина, при што минималната брзина на проток на податоци (download/upload) нема да биде помала од 5 Mbps / 512 Kbps (за Magenta 1 фиксни услуги S); 7,5 Mbps / 512 Kbps (за Magenta 1 фиксни услуги M); 30 Mbps / 5 Mbps (за Magenta 1 фиксни услуги L, 150 Mbps / 75 Mbps (за Magenta 1 фиксни услуги XL) и 500 Mbps / 500 Mbps (за Magenta 1 фиксни услуги XL) во 95% од времето во текот на еден месец, во случај кога не е надминат вклучениот интернет сообраќај.
- По надминување на вклучениот интернет собраќај услугата се прекинува, а во интернет прелистувачот се појавува страница преку која корисникот може да мигрира во пакет со повеќе вклучен интернет сообраќај или да купи пакет дополнителен интернет сообраќај од 100 GB за 199 ден., со важност до крајот на месецот или до искористувањето на вклучениот сообраќај. По искористувањето на сообраќајот од 100 GB, пакетот за дополнителен интернет сообраќај може да се активира повторно.
- Неограничените разговори во мрежата на Телеком во Magenta 1 фиксни услуги S се однесуваат на повици од фиксната кон мобилната и фиксната мрежа на Телеком. Повиците од фиксните линии кон други дестинации се наплаќаат согласно постојниот ценовник. Во вклучените разговори не влегуваат повиците кон специјалните броеви како 188, 142___, 0500 ___и др., како и повиците кон други оператори што се наплаќаат по редовните цени.
- Неограничените разговори кон сите мрежи во опциите Magenta 1 фиксни услуги M, L и XLсе однесуваат на повици од фиксната кон сите фиксни и мобилни мрежи во Македонија. Во вклучените разговори не влегуваат повиците кон специјалните броеви како 188, 142__, 0500 ___и др., како и повиците кон други оператори што се наплаќаат по
редовните цени.
- Меѓународните минути во опцијата Magenta 1 фиксни услуги XL се однесуваат на сообраќај од фиксната мрежа кон меѓународни фиксни и мобилни броеви кон зоните: Европа и Свет. По надминување на вклучените 500 минути месечно, важат редовните цени.
- Пакетот дополнителни услуги во опцијата Magenta 1 фиксни услуги XL вклучува: Идентификација на повик (CLIP) и Повик на чекање со задржување врска.

## MAGENTA TV КАРАКТЕРИСТИКИ

MagentaTV е нова иновативна ТВ платформа која ви нуди сосема ново,модерно и дигитално ТВ доживување.
Телевизија која секој ТВ уред го прави паметен. Овозможува супериорно ТВ искуство и е достпна во новата Magenta 1 со избор на понудените опции за фиксни услуги погоре од табелата. За повеќе детали за услугата проверете на www.telekom.mk.

- Magenta 1 фиксни услуги M ги вклучува дополнителните ТВ пакети: Cinemax и Sport HD
- Magenta 1 фиксни услуги L ги вклучува дополнителните ТВ пакети: Cinemax, Sport HD и Прва Микс +
- Magenta 1 фиксни услуги XL ги вклучува дополнителните ТВ пакети HBO, Cinemax, Extreme, Sport HD, како и еден од пакетите: Pink&Grand+, Balkan или Tring по избор на корисникот.
- Дополнителните ТВ пакети кои не се вклучени во месечниот надомест може да се активираат по избор на корисникот и се наплатуваат дополнително според Ценовникот на Македонски Телеком.
- Со опцијата Magenta 1 фиксни услуги S достапни се следните основни ТВ функционалности:TV водич, родителска контрола, Видеотека.
- Со опциите Magenta 1 фиксни услуги M, L и XLдостапни се следните напредни ТВ функционалности: TV водич, ТВ-тека, паузирање, враќање назад на програмата во живо и премотување нанапред до моментот на гледање во живо (за
каналите каде што е достапна оваа функција), снимање – 60 часа кои се чуваат во период од 60 дена, родителска контрола, пристап до Видеотека.
- Цената на филмовите од Видеотеката зависи од типот на содржината. ТВ-теката содржи емитувана ТВ програма од одредени ТВ канали од последните 7 дена, достапна без да ја снимате.
- Услугата MagentaTV GO е вклучена на ниво на Magenta 1 пакет и е достапна на максимум 3 смарт уреди (
смартфон/таблет/лаптоп) за следење едновремено. Во секоја од Magenta 1 мобилните линии е вклучен 20 GB месечен интернет сообраќај наменет за следење на MagentaTV GO. За повеќе детали проверете на www.telekom.mk
- Првиот и вториот медија приемник (MagentaTV Box) се без дополнителен надомест, додека од 3-тиот па нагоре, месечниот надмоест изнесува 99 ден. по уред.
За корисници активирани на Max TV условите остануваат непроменети 999 ден за втор применик – еднократно, 139 ден. месечно по уред од трет – пет уред.
- Доколку корисникот сам го инсталира уредот или доколку уредот го инсталира техничко лице од Македонски Телеком во моментот на инсталација на линијата, нема дополнителен надомест.

- Доколку корисникот побара инсталација на уредот од страна на Македонски Телеком, се наплатува еднократен надоместод 799 денари.
- Достапност на дополнителни ТВ приклучоци (MagentaTV Box – ови) во однос на технологијата:
    - Бакар: до 3 ТВ приклучоци
    - Оптика: до 5 ТВ приклучоци

Некои од поважните карактеристики на Magenta TV:

- Број на MagentaTV Box уреди
    - Оптика – до 5
    - Бакар/VDSL – до 3
- Надомест за MagentaTV Box уреди
    - Прв и Втор - без надомест
    - Трет/Четврт/Петти – 99 ден. месечно (кај Max TV останува 139 ден месечно)
- 60 часа снимање, снимените содржини се достапни 60 дена
- HBO Max и Gley – од сега On demand содржината од овие два дополнителни ТВ пакети ќе биде достапна преку делот "апликации" откако корисник ќе направи активација на овие пакети
- Во новите Internet&TV MagentaTV GO е достапна со активација на дополнителна услуга за 99 ден/месечно – за ТВ во движење, и може да се следи на 3 паметни уреди истовремено
- Паузирање и враќање најголем број канали
- Враќање на содржина од почеток на наслов
- ТВ тека
- ТВ Водич

Достапни функционалности:

**Основни MagentaTV опции** - во S тарифниот модел се достапни основни функционалности како ТВ водич и пристап до Апликации, Видеотека и Видеоклуб, избор на омилени канали и содржини, продолжи со гледање

**Напредни MagentaTV опции** -додека од M нагоре се достапни напредни функционлановсти како снимање, паузирање, враќање од почеток, премотување, ТВ тека и исто така пристап до Апликации, Видеотека и Видеоклуб, избор на омилени канали и содржини, продолжи со гледање

## Cool kids ТАРИФЕН МОДЕЛ

| COOL kids |
| --- |
| 300 минути<br>кон сите домашни мрежи<br>300 MB<br>супер брз интернет |
| 199 ден. |

Cool Kids е мобилна тарифа во достапна само за Magenta 1 корисници која е наменета само за користење на детските Смарт часовници (MyKi Touch или TCL Family Watch).

- За да додаде линија на COOL Kids, корисникот мора да има најмалку 1 мобилна линија на Magenta 1 S, M, Unlmited или Ultra
- Во Magenta 1 пакетот може да се додадат до 3 линии на COOL Kids тарифниот модел.

## ОПРЕМА

За правилно функционирање на Magenta 1 пакетите потребни се соодветно инсталирани и конфигурирани уреди за интегриран пристап и медиа приемник. Уредите се во сопственост на Македонски Телеком.

Опремата ја поврзува тим на Македонски Телеком или корисникот.

Упатствата за употреба можете да ги преземете тука: Упатства за употреба

Доколку во процесот на поставување и користење на опремата ви е потребна помош, јавете се на бесплатниот телефонски број 122 во Службата за техничка поддршка на корисници, каде што ќе добиете инструкции за инсталација на опремата.

Операторот се обврзува да обезбеди функционалност на услугата од инфраструктурата на Операторот до излезната приклучна точка на опремата на мрежната завршна точка. Кога опремата на мрежната завршна точка е во сопственост на Операторот, инфраструктурата во сопственост на Операторот завршува со излезната приклучна точка на опремата на мрежната завршна точка. Операторот не одговара за прекин на услугата поради дефект кој настанал помеѓу излезниот порт на опремата на
мрежната завршна точка и терминалната опрема на корисникот.

Операторот не одговара за непосакуван сообраќај кој настанал како последица на спам, вируси, поп-ап реклами и сл.

Корисникот се обврзува да ја приклучи опремата која е во сопственост на Операторот според Упатството за инсталација дадено во прилог, на местото на приклучокот кој сам го навел.Доколку не може, корисникот има право да побара техничка помош од Операторот за инсталирање на опремата во сопственост на Операторот, по телефонски пат на 0800 12345, без дополнителен
надомест. Корисникот има право да побара техничка помош за инсталирање на опремата од овластени лица на Операторот со дополнителен надомест според Ценовникот на Операторот.

Корисникот е обврзан да не ја поправа или ракува со опремата на мрежната завршна точка на начин кој би довел до нејзино оштетување, да не врши неовластена преконфигурација на опремата, да не прави упади, измами или друг вид на злоупотреба со истата.

Во случај на раскинување на Договорот или Анексот, од кои било причини, како и во случај на престанок на важноста на
Договорот или Анексот, корисникот се обврзува да ја врати опремата на мрежната завршна точка на Операторот или да му овозможи на Операторот да ја демонтира и врати опремата на мрежната завршна точка.

Доколку Преплатникот кој се обврзал на користење на услугите од Magenta 1 во времетраење од 12 или 24 месеци го прекине користењето на истите пред истекот на задолжителното времетраење, треба да плати договорна казна за предвремено
раскинување во висина од 1.400,00 денари без ДДВ помножени со бројот на месеци што преостануваат до истекот на задолжителното
времетраење.

Притоа Претплатникот се обврзува да му овозможи на Операторот да ја демонтира опремата (HGW/ONT/HYBRID HGW) или (HGW/ONT/HYBRID) и STB (Set Top Box) или Wi-Fi Booster/Airties/CuJoDI. Доколку Претплатникот ја предаде оштетена опремата на мрежната завршна точка, се обврзува да плати надомест на штета во висина од 4.000 / 6.355 / 8.000 денари за HGW/ONT/HYBRID HGW , 5.500 / 8.000 денари за STB или 4.000 денари за Wi-Fi Booster/Airties/CuJoDI без ДДВ.
Доколку Претплатникот воопшто не ја предаде опремата на мрежната завршна точка,се обврзува да плати
надомест во висина од 4.720/ 7.499 / 9.440 денари за HGW/ONT/HYBRID HGW , 6.490 / 9.440 денари за STB или 4.000 денари за Wi-Fi Booster/Airties/CuJoDI без ДДВ .

## ПОПУСТ НА УРЕДИ

За сите нови и постојни Magenta 1 корисници кои ќе потпишат договор на една или две години, обезбеден е попуст на малопродажните цени на компјутери и компјутерска опрема, телевизори и голем избор други уреди. Покрај попустот, обезбедена е и можност за поедноставено купување, со плаќање на рати (најмногу до 48 рати) преку телефонска сметка.
*Сите дадени цени се со вклучен ДДВ

## ТЕЛЕКОМ ПОВОЛНОСТИ ВО Magenta Moments ЗА Magenta 1 ТАРИФНИТЕ МОДЕЛИ

Корисниците на Magenta 1 мобилни услуги S/M/Unlimited и Ultra можат да одберат Телеком поволности во зависност од тарифата која ја користат и да ги активираат преку Telekom MK апликацијата во делот Magenta Moments

| | Телеком ПоволносТи | | |
|---|---|---|---|
| Magenta 1 mobile S | Magenta 1 mobile M | Magenta 1 mobile Unlimited | Ultra |
| 2 GB | 20 GB | 500 MB Роаминг | 500 MB Роаминг |
| 24 часа неограничен мобилен интернет | 500 MB Роаминг | | |
| Опција Speak Out | Опција Speak Out | | |
| Опција Stream On | Опција Stream On | | |
| 5G услуга | 24 часа неограничен мобилен интернет | | |

- Телеком поволностите се достапни за активација исклучиво преку Телеком МК апликацијата во делот Magenta Moments. Се активираат со отклучување на понудата со срца
- Корисникот може да активира повеќе различни поволности во исто време доколку има доволно срца

- Телеком поволностите се достапни без дополнителен надомест и подлежат на промени во зависност од условите на пазарот
- Секој корисник во Магента 1 може да избере дополнителна придобивка за својата мобилна линија, во зависност дали користи S, M, Unlimited или Ultra тарифа
- Телеком поволностите важат 30 дена од денот на активирање, освен поволноста 24 часа неограничен мобилен интернет која трае 24 часа од активација
- Телеком поволностите можат да се активираат еднаш во 30 дена, освен поволноста 5G услуга која може да се активира еднаш во 180 дена
- Промоцијата важи за сите корисници на Magenta 1 S/M/Unlimited и Ultra

## Magenta 1 фиксни услуги XL со гигабитна брзина

За време на периодот 20.03-31.05.2024, на сите активирани корисници на новата Magenta 1 фиксни услуги XL автоматски ќе им биде активирана гигабитна брзина (1/1 Gbps) со времетраење 6 месеци од активација. По истекот на овој период, брзината автоматски ќе биде вратена на редовната од оваа тарифа 300/150 Mbps.

Понудата трае во периодот 20.03-31.05.2024.

## MagentaTV со богата ТВ содржина без дополнителен надомест

За време на периодот 20.03-31.05.2024 за сите корисници кои ќе бидат активирани на новите Magenta 1 фиксни услуги тарифни модели на новата телевизија MagentaTV наведени погоре во табелата:

- Magenta 1 фиксни услуги S
- Magenta 1 фиксни услуги M
- Magenta 1 фиксни услуги L
- Magenta 1 фиксни услуги XL
- Magenta 1 фиксни услуги XXL

во периодот од 20.03-31.05.2024 ќе им бидат автоматски активирани, без дополнителен надомест следниве дополнителни ТВ пакети:

- Arena Premium,
- Prva Miks +
- Pink&Grand+
- Balkan
- Tring Extra
- Pickbox Now
- Extreme
- Discovery Max
- Max Alb

По истекот на овој период, истите ќе бидат автоматски декативирани освен кај постојни ТВ корисници кои ги имале активни пред да мигрираат на новите Internet&TV тарифни модели.

Понудата трае во периодот 20.03-31.05.2024.

## 1.2. НОВО MOBILE ПОРТФОЛИО

### Општи информации, карактеристики и услови на користење

| S | M | Unlimited | Ultra |
|---|---|---|---|
| НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и СМС кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и СМС кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и SMS кон сите домашни мрежи | НЕОГРАНИЧЕНИ разговори и SMS кон сите домашни мрежи<br>100 минути кон меѓународни мрежи |
| 3 GB супер брз интернет | 30 GB супер брз интернет 5G[2] | НЕОГРАНИЧЕН[1] супер брз интернет 5G[2] | НЕОГРАНИЧЕН[1] супер брз интернет 5G[2] |
| | 100 MB[3] роаминг интернет | 250 MB[3] роаминг интернет | 500 MB[3] роаминг интернет |
| Е-сметка | Е-сметка | Е-сметка | Е-сметка |
| 599 ден. | 1.099 ден. | 1.299 ден. | 1.999 |

| S | M | Unlimited | Ultra |
|---|---|---|---|
| Повластена претплата со Доверба 12 без уред | | | |
| 549 ден. | 949 ден. | 1.199 ден. | 1.799 ден. |
| Повластена претплата со Опција Фамилија за комбинирање на две или повеќе Mobile линии на иста сметка | | | |
| 539 ден. | 989 ден. | 1.169 ден. | 1.799 ден. |

[1]За Mobile Unlimited и Ultra тарифните модели важи Политика на фер користење – 200 GB. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.

[2]5G услугата е автоматски достапна. За да ја користите 5G мрежата на тарифите наведени погоре треба: да се наоѓате во област со 5G покриеност, да имате 5G уред со соодветна надградба на софтверот која ја обезбедува производителот на уредот и мрежното подесување на уредот да е поставено на 5G.

[3]Вклучениот роаминг интернет е достапен во истите оператори и земји во кои важи Интернет Свет пакетот. Кога ќе се потроши, услугата се прекинува и корисникот може да продолжи да користи интернет ако активира платен роаминг пакет. Македонски Телеком го задржува правото за промена на земјите и операторите вклучени во тарифните модели. Повеќе детали на www.telekom.mk

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

## МОБИЛНИ УСЛУГИ - MOBILE

1. Тарифните модели се достапни за сите нови и постојни корисници во постпејд.
2. Интервалот на тарифирање на разговори е на минута, а на интернетот на 10 KB.
3. За вклучените SMS пораки важи Политика на фер користење – 10.000 SMS пораки.
4. Цената за SMS пораки кон домашни мрежи по надминување на вклучените и кон меѓународни мрежи е 5,9 денари. Цената за SMS пораки кон домашни мрежи по надминување на вклучените и кон меѓународни мрежи во Mobile Unlimited и Ultra тарифата е 3,9 денари.
5. Вклучените минути/СМС кон други домашни мрежи можат да се користат во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина). За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
6. Цената за MMS кон домашни мрежи е 17,7 денари, а кон меѓународни мрежи е 41,3 денари.
7. По искористување на вклучениот интернет во тарифните модели, корисникот може да продолжи да сурфа само доколку активира еден од дополнителните интернет пакети : https://www.telekom.mk/internet-paketi-postpejd.nspx .
8. Во Mobile тарифите вклучена е дополнителна количина мобилен интернет кој може да се користи во земјите од Западен Балкан (Србија, Албанија, Косово, Црна Гора и Босна и Херцеговина):3 GB мобилен интернет во Mobile S, 7 GB мобилен интернет во Mobile M, 9 GB мобилен интернет во Mobile Unlimited и 14 GB во Ultra. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
9. Со Mobile тарифните модели, вклучениот интернет сообраќај во S и M може да се користи и на друг уред. Повеќе информации за услугата Сподели интернет: https://www.telekom.mk/spodeli-internet.nspx.
10. Минутите кон меѓународни мрежи во ULTRA тарифниот *модел важат за зоните Европа и Свет.*
11. За тарифните модели, Mobile Unlimited и Ultra, важат посебни услови за користење, (објавени на следниов линк http://www.telekom.mk/unlimited ), кои корисникот ги добива на СМС порака по активација на избраниот тарифен модел. За повеќе информации проверете во Официјалниот ценовник на Македонски Телеком.
12. При промена на тарифен модел или користење промоција за интернет на истиот тарифен модел, интернет сообраќајот се ресетира и на корисникот му се доделува ново количество интернет, зависно од неговиот избор.
13. Корисникот има можност за купување смартфони и друга опрема по повластена цена во Доверба 24 или Фамилијарен Буџет. Фамилијарниот буџет се користи во времетраењето на истоимениот договор. Голем избор на телефони по одлична цена во Доверба 24 или Фамилијарен буџет: https://www.telekom.mk/mobilni-uredi.nspx.
14. Опција Фамилија во Mobile - со комбинирање на 2 или повеќе Mobile линии добивате 10% попуст на месечната претплата на Mobile линиите
15. Од 1 ноември 2018, на сите нови корисници на Mobile тарифите им се активира Telekom SafeNet дополнителната услуга, која овозможува безбедност при сурфање на мобилната мрежа на Телеком. Telekom SafeNet се активира автоматски кај сите нови мобилни линии, со бесплатен период од 4 недели. По завршувањето на бесплатниот период, услугата се наплатува 29 денари месечно, за што корисникот се известува со SMS порака: https://www.telekom.mk/telekom-safenet.nspx

## ТЕЛЕКОМ ПОвОЛНОСТИ вО Magenta Moments зА mobile ТАРИФНИТЕ МОДЕЛИ

Mobile S/M/Unlimited и Ultra корисниците во зависност од тарифата која ја користат, ќе можат да активираат Телеком поволности во делот Magenta Moments на Телеком МК апликацијата:

| | Телеком ПоволносТи | | |
|---|---|---|---|
| Mobile S | Mobile M | Mobile Unlimited | Ultra |
| 2 GB | 10 GB | | |
| 24 часа неограничен мобилен интернет | 500 MB Роаминг | 500 MB Роаминг | 500 MB Роаминг |
| Опција Speak Out | Опција Speak Out | | |
| Опција Stream On | Опција Stream On | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5G услуга | 24 часа неограничен мобилен интернет | | |

- Телеком поволностите се достапни за активација исклучиво преку Телеком МК апликацијата во делот Magenta Moments. Се активираат со отклучување на понудата со срца
- Корисникот може да активира повеќе различни поволности во исто време доколку има доволно срца
- Телеком поволностите се достапни без дополнителен надомест и подлежат на промени во зависност од условите на пазарот
- Телеком поволностите можат да се активираат еднаш во 30 дена, освен поволноста 5G услуга која може да се активира еднаш во 180 дена
- Секој Mobile S/M/Unlimited и Ultra корисник може да избере дополнителна придобивка за својата мобилна линија, во зависност дали користи S/M/ Unlimited или Ultra тарифа
- Телеком поволностите важат 30 дена од денот на активирање, освен поволноста 24 часа неограничен мобилен интернет која трае 24 часа од активација
- Промоцијата важи за сите корисници на Mobile S/M/Unlimited и Ultra

## 1.3. Телеком поволности во Magenta Moments

Почнувајќи од 14.02.2024, Magenta Moments програмата на Telekom MK апликацијата се збогатува со Телеком поволности, односно, услуги од Телеком кои корисниците преку Magenta Moments ќе може да ги активираат и користат без дополнителен надомест.

Корисниците може да отклучат некоја од следниве Телеком поволности:

| Телеком поволности За приватни и бизнис постпејд корисници | Потребни срца | Валидност | Можност за активирање | Важи за тарифни модели * |
|---|---|---|---|---|
| 2 GB мобилен интернет | 500 срца | 30 дена | еднаш во 30 дена | S |
| 10 GB мобилен интернет | 500 срца | 30 дена | еднаш во 30 дена | M |
| 500 MB во роаминг | 1000 срца | 30 дена | еднаш во 30 дена | >M |
| Stream ON | 500 срца | 30 дена | еднаш во 30 дена | S и M |
| Speak Out | 500 срца | 30 дена | еднаш во 30 дена | S и M |
| 24h неограничен интернет | 300 срца | 1 ден | еднаш во 30 дена | S и M |
| 5G услуга | 500 срца | 30 дена | еднаш во 180 дена | S |
| **Телеком поволности во припејд корисници** | **Срца за отклучување** | **Валидност** | **Можност за активација** | **Важи за** |
| | | 1 ден | еднаш во 30 дена | Сите во припејд |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24h неограничен интернет | 300 срца | | | |
| Сè по 100 во припејд | 500 срца | 7 дена | еднаш во 30 дена | Сите во припејд |

Важни карактеристики за Телеком поволностите:

- се активираат само преку Magenta Moments, во делот Телеком Поволности, со отклучување на понудата со срца
- корисникот треба да избере услуга за која ќе ја активира поволноста
- за активирањето и по искористување корисникот добива СМС порака за потврда
- активната услуга е прикажана кај соодветниот број во Telekom MK апликацијата
- корисникот може да активира повеќе различни поволности во исто време доколку има доволно срца Понудата е промотивна

и важи ограничен период.

### 1.4. HBO, Gley, Pickbox Now и Учиме со Биби и Боби ТВ пакети без дополнителен надомест

За уште поубави празници, сите приватни корисници на Magenta TV и Max TV ќе можат да активираат промотивни HBO, Gley, Pickbox Now и Учиме со Биби и Боби ТВ пакети и да уживаат во возбудливите регионални и светски филмски содржини заклучно со 22.01.2025 год.

- Промотивните HBO, Gley, Pickbox Now и Учиме со Биби и Боби пакети се достапни за сите приватни корисници на Magenta TV и Max TV и се активираат поединечно само преку Magenta Moments во Telekom MK апликацијата
- Корисниците коишто веќе имаат активен HBO/Gley/Pickbox Now/Учиме со Биби и Боби пакет пред почетокот на промоцијата ќе треба да ги активираат промоциите за да добијат 100% попуст на редовната цена
- На корисниците коишто немале активен HBO/Gley/Pickbox Now/Учиме со Биби и Боби пакет пред почетокот на промоцијата, со активирањето на промоцијата, ќе им биде активиран HBO/Gley/Pickbox Now/Учиме со Биби и Боби пакет по редовна цена и 100% попуст на цена

По истекот на промотивниот период, заклучно со 22.01.2025 год., доколку промотивните пакети HBO/Gley/Pickbox Now/Учиме со Биби и Боби не се деактивираат, ќе продолжат да се наплаќаат по редовна цена од 354 денари месечно за HBO / 299 денари месечно за Gley/199 денари месечно за Pickbox Now/ 99 денари месечно за Учиме со Биби и Боби, почнувајќи од 23.01.2025 година.

### 1.5. Magenta Moments празничен бонус

- Дополнителен бонус во износ на 2000, 3000 или 5000 денари
- Важи за голем број на смартфони и се користи со внесување на кодот од Magenta Moments во полето за код при онлајн нарачката
- Бонусот е валиден за секој вид на онлајн нарачка, односно и со достава до дома и со подигнување од продавница

Понудата важи ограничен временски период

### 1.6. Оптички интернет - Гигабитни брзини за дома

- Промотивни гигабитни брзини без дополнителен надомест
- Понудата важи за: сите корисници на оптички интернет на новото Magenta 1 портфолио на тарифните модели M, L и XL
- Активирање: преку апликацијата Telekom MK до 15.10.2024
- Валидност на промотивната брзина: од активирањето до 30.11.2024 г.

### 1.7. Летна понуда во Magenta 1 и Mobile

Зголемен мобилен интернет:

- Дополнителни 40 GB мобилен интернет во Magenta 1 M и Mobile M – 60 GB од тарифа + 40 GB од понудата со е-сметка = **100 GB во период од 24 месеци**
- Дополнителни 4 GB мобилен интернет во Magenta 1 S и Mobile S - 6 GB од тарифа + 4 GB од понудата со е-сметка = **10 GB во период од 24 месеци**

- Зголемената количина мобилен интернет во тарифните модели Magenta 1 S и Mobile S и Magenta 1 M и Mobile M е достапна за сите нови и за сите постојни корисници коишто ќе склучат Договор за лојалност во периодот на времетраење на понудата од 05.06.-15.07.2024 год. и важи 24 месеци со активна е-сметка за цело времетраење.

Дополнителен мобилен интернет во роаминг – 2 GB

- Без дополнителен надомест и важи за корисниците на новата Magenta 1 и Mobile 1 M, Unlimited или Ultra
- Се активира преку Magenta Moments на Telekom MK App
- Важи во земјите и операторите вклучени во Интернет Свет роаминг пакетот
- Важност 30 дена од активирањето

Летна понуда во Magenta 1 и Mobile е достапна во периодот од 05.06 заклучно со 15.07.2024.

### 1.8. Празнична понуда - Многу повеќе мобилен интернет во Magenta 1 и Mobile

Од 23.11.2023, започнува празнична понуда со многу повеќе мобилен интернет во Magenta 1 и Mobile.

➢ 60 GB мобилен интернет во Magenta 1 мобилни услуги M и Mobile M

- Зголемениот интернет е со важност од 24 месеци, со активна е-сметка за цело времетраење;
- Понудата важи за:
  - сите нови корисници и
  - сите постојни корисници коишто ќе склучат Договор за лојалност (Доверба 24, Доверба 12 или Фамилијарен буџет) на наведените тарифни модели во периодот на времетраење на понудата.

Понудата започнува на 23.11.2023 и трае до 31.01.2024.

➢ 6 GB мобилен интернет во Magenta 1 мобилни услуги S и Mobile S

- Зголемениот интернет е со важност од 24 месеци, со активна е-сметка за цело времетраење;
- Понудата важи за:
  - сите нови корисници и
  - сите постојни корисници коишто ќе склучат Договор за лојалност (Доверба 24, Доверба 12 или Фамилијарен буџет) на наведениот тарифен модел во периодот на времетраење на понудата.

Понудата започнува на 05.12.2023 и трае до 31.01.2024.

1.9. HBO и Gley ТВ пакети без дополнителен надомест за уште повеќе забава за празниците

За уште поубави празници, сите приватни корисници на Max TV ќе можат да активираат HBO и Gley ТВ пакети без дополнителен надомест и да уживаат во возбудливите регионални и светски филмски содржини заклучно со 23.1.2024 год.

- HBO и Gley пакетите без дополнителен надомест се достапни за сите приватни корисници на MaxTV и се активираат секој поединечно преку Magenta Moments во Telekom MK апликацијата, или директно преку категоријата ТВ пакети на Telekom MK апликацијата како и преку менито на Max TV
- Корисниците коишто веќе имаат активен HBO/Gley пакет пред почетокот на понудата ќе треба да ги активираат празничните понуди за да добијат 100% попуст на редовната цена која веќе ја плаќаат
- На корисниците коишто немале активен HBO/Gley пакет пред почетокот на понудата, со активирањето ќе им биде активиран HBO/ Gley пакет по редовна цена и 100% попуст на цена
- Кај корисниците кои ја имаат активна понудата 50% попуст на претплата на Gley, и ја активираат новата понуда за 100% попуст,по истекот,т.е. од 24.01.2024 доколку го задржат Gley, ќе продолжи да им важи понудата од 50% попуст. Доколку пак направат деактивација, ќе го деактивираат и пакетот а со тоа ќе го изгубат попустот од 50% согласно условите на таа понуда.

По истекот на овој период, заклучно со 23.1.2024 год., доколку празничните HBO/Gley пакети не се деактивираат, ќе продолжат да се наплаќаат по редовна цена од 354 денари месечно за HBO и 299 денари месечно за Gley, почнувајќи од 24.1.2024 година

Понудата започнува на 23.11.2023 и трае до 23.01.2024.

1.10. Понуда за промотивен мобилен интернет

**Промотивен мобилен интернет преку апликацијата Telekom MK**

- 10 GB – достапни за сите корисници на тарифните модели **Mobile S и Magenta 1 мобилни услуги S** од актуелното портфолио
- 100 GB – достапни за сите корисници на тарифните модели **Mobile M и Magenta 1 мобилни услуги M**од актуелното портфолио

Се активираат еднократно по цена од 1 денар, а количината од 100 GB/ 10 GB се доделува автоматски секој месец заклучно со јануари 2024.

Понудата е валидна во периодот 12.09-12.10.2023.

1.11. Зголемени брзини на оптички интернет за дома

Сите корисници на оптички интернет од актуелните **Magenta 1, Internet & TV и Internet портфолијата** ќе имаат можност да активираат зголемена брзина на оптичкиот интернет кој го користат дома.

- Зголемени брзини од следниот интернет пакет
  - за корисници на интернет S – ~~20Mbps~~ 60/30 Mbps
  - за корисници на интернет M – ~~60Mbps~~ 100/100 Mbps
  - за корисници на интернет L – ~~100Mbps~~ 300/100 Mbps
  - за корисници на интернет XL – ~~300 Mbps~~ 1/1 Gbps

Зголемените брзини **се активираат еднократно преку Telekom MK апликацијата, без дополнителен надомест и ќе бидат достапни за користење** од активирањето **до 31.01.2024 г.**

Понудата е валидна во периодот 12.09-12.10.2023.

### 1.12. 3 пати повеќе мобилен интернет во Magenta 1 и Mobile дома и во странство

